Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 и член 32 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), а постапувајќи по Барањето за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-74/19 од 26 септември 2019 година на Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 октомври 2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ВИТАМИНКА 1” на Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп, издадена со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија УП1 бр.12-74/19 од 19 септември 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/19) ПРЕСТАНУВА по барање на носителот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп со седиште на ул. Леце Котески бр. 23 Прилеп (во понатамошниот текст: Друштво), на 26 септември 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ВИТАМИНКА 1”, УП1 бр. 12-74/19 од 26 септември 2019 година (во натамошниот текст: Барање).

Друштвото, Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Образецот БЛ 24 од Правилникот за лиценци, ги достави во оригинал.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и изготви Предлог-Одлука за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ВИТАМИНКА 1”.

Согласно член 32 од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не одржи подготвителна седница и на 4 октомври 2019 година ја објави предлог-одлуката на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика на 9 октомври 2019 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика и член 31 и член 32 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ВИТАМИНКА 1" на Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-74/19**
**9 октомври 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска
контролирал: Елизабета Арсова
Мирјета Тахири
одобрил: Елена Колевска